# ОТВОРАЊЕ НА НАУЧНИОТ СОБИР „ГРЧКО-РИМСКА АНТИКА ВО ЈУГОСЛАВИЈА И НА БАЛКАНОТ"

## ПОЗДРАВНИ ГОВОРИ

### ПОЗДРАВЕН ГОВОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЈУЗОТ НА ДРУШТВАТА ЗА АНТИЧКИ СТУДИИ НА ЈУГОСЛАВИЈА И НА ОРГАНИЗАЦИОНИОТ ОДБОР

Колешки и колеги! Драги гости!

Од името на Сојузот на друштвата за антички студии на Југославија и на Организациониот одбор имам чест да го отворам овој наш петти по ред научен собир на тема „Грчко-римска антика во Југославија и на Балканот".

На отворањето присуствуваат повеќе видни претставници на општествено-политичките органи и на највисоките научно-просветни установи од Македонија. Со особено задоволство го поздравувам нивното присуство.

Исто така со особено задоволство ги поздравувам и учесниците на овој наш собир, дојдени од сите краишта на Југославија, да го дадат својот придонес во истражувањето на античкото наследство во нашава земја и на Балканот.

Благодарејќи им за нивната добра волја и напор да подготват свои прилози и да дојдат овде, јас ги поздравувам срдечно и им пожелувам плодна и успешна работа. Како претседател на Организациониот одбор можам да ги изразам нашите искрени желби, сите да се почуствуваат кај нас како во својот дом.

Истовремено треба да додадам со жалење дека, поради објективни причини, не успеавме да сториме онолку колку што сакавме, за да го направиме попријатен нивниот престој во нашава средина. Нашиот мандат, посебно одржувањето на V научен собир се падна во исклучително тешки и нестабилни околности на нашево општество. Со средствата што ни беа доделени лани за организирање на овој собир ние одвај можевме да ги умножиме резимеата од рефератите.

Сепак, ние не се откажуваме од одржувањето на собирот. Свесни сме дека во животот на луѓето, како и во историјата на народите, секогаш имало и ќе има моменти на тешки искушенија. Во такви моменти едни губеле надеж за подобра иднина и паѓале во очајание, а други што се убедени дека и по најтешки бури пак ќе огрее сонце, се бореле да ги совладаат пречките. Ние би биле наивни ако сметаме дека нашиот живот ќе тече само по мед и млеко. Но би биле слабичи ако потклекнеме пред тешкотиите и се пасивизираме. Само оние што и покрај сите тешкотии врват напред, уверени дека ќе дојдат подобри дни, се вистински борци и херои. Вистинскиот херој и под најтешкиот терет оди напред. Затоа и ние, независно од тешката ситуација во која се најдовме, се решивме со поскромни средства и со повеќе самоодрекување да го одржиме овој собир, уверен дека тој ќе придонесе за зацврстување на нашиот Сојуз и на југословенското единство. Со здружени сили полесно се совладуваат тешкотиите. Наше е совесно да работиме на проучувањето на антиката и античкото наследство – темел на нашата и на европската култура. Тоа меѓу другото дава сили да не паднеме духом и во најтешките моменти, свесни дека во животот сѐ тече и сѐ се менува.

Дијалектичкиот развој, што први го согледаа и го открија старогрчките филозофи, е вечен онтолошки принцип. Тоа е борба на спротивности од која се раѓа нов квалитет. Секоја појава во општеството, колку и да е прогресивна во почетокот, со време може да се претвори во своја негација. Но токму тогаш се создаваат услови за раѓање на нешто друго ново и попрогресивно.

На научни собири како нашиов, исто така неизбежни се судири на различни мислења. Тоа не треба да нè загрижува. Без разликите во мислењата и отворените дискусии нема научен прогрес. Нашата желба е да има такви плодни дискусии на високо академско ниво. Таквите дискусии заедно со рефератите ќе преставуваат посебен прилог во оценката и разјаснувањето на наследството од грчко-римската антика кај нас. Само прашање е како да го објавиме тој материјал, кога и оној од претходниот собир уште не е целосно објавен.

Тешката положба во која се најде нашево општество, се одрази и на издавачката дејност. Печатењето на нашето гласило Жива Антика е многу отежнато. Со средствата планирани лани за издавање на ова списание, поради енормниот пораст на цените за печатарски услуги, годинава може да се објави само еден печатарски табак од Ж.А., која порано обично излегуваше на 30-40, па и повеќе табаци.

Жива антика е единственото списание во Македонија со статус на сојузно примарно-научно списание. Нашата заедница за научни дејности, која партиципира во издавањето на 101 (сто и едно) сојузно списание од другите републики, годинава за Ж.А. `одобри трипати повеќе средства од сојузните. За тоа ние сме искрено признателни и крајно благодарни. Штета би било да згасне ова списание. Поради неговата ажурност во текот од 39 години и високиот квалитет тоа е признато од УНЕСКО и за меѓународно научно списание. Со таков статус од хуманитарните дисциплини во Југославија има само две списанија. Едно од областа на музиката од Загреб и наша Жива Антика.

Но издавањето на сојузното и меѓународно списание, кое има соработници од целиот свет, бара макотрпна работа, херкуловски подвизи кои не се плаќаат. Жива антика излегува благодарение на ентузијазмот од поединци кои доброволно жртвуваат драгоцено време. Во врска со тоа има проблеми и нерешени односи, но не е сега момент да зборуваме за нив.

Се извинувам за оваа дигресија на овој свечен чин, но не можам а да не ги спомнам нашите тешкотии пред овој висок форум, зашто од нивното решавање зависи понатамошното излегување на нашето гласило преку кое се одвива научната активност на Сојузот.

За друга прилика го оставам и прашањето за недоволната застапеност на класичните јазици во нашето школство и неодамнешното повторно укинување на класичните паралелки во средното образование.

Да се вратиме пак на нашиов собир. Меѓу присутните има сведоци кои паметат како бевме сплотени и еднодушни и во каков пријателски дух се водеа дискусиите на Првиот научен собир што го организиравме ние пред 12 години во Охрид. Од сè срце пожелувам таков дух на доверба и соработка, на разбирање и искрено настојување за прогрес на класичните студии во Југославија да завладее и на Петтиот собир во Скопје.

На крајот користам прилика и од ова место да ја изразам нашата искрена благодарност на сите што придонесоа да се одржи овој собир: прво на Сојузот на републичките и покраинските заедници за научни дејности на Југославија за доделените финансиски средства; на колективот на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ посебно на директорот на Институтот др. Олга Иванова што ни ја отстапија без надомест оваа прекрасна сала за одржување на нашиот собир; на МАНУ, на Филозофскиот факултет,

на сите членови и студенти од Институтот за класични студии во Скопје; на другарите од средствата за информирање кои радо се одзваа да ја известуваат јавноста за работата на нашиот собир и на сите други кои што на било кој начин помогнаа денес да се собереме овде.

Објавуваме дека собирот е отворен!

Благодарам за вниманието!

Петар Хр. Илиевски

26. IX 1989 Скопје

## ПОЗДРАВЕН ГОВОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА НАУКА, ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ И ИНФОРМАТИКА

Почитувани учесници, драги гости

Дозволете ми да го поздравам V-от Научен собир на Сојузот на друштвата за антички студии на Југославија на тема: „Грчко-римската антика во Југославија и на Балканот" и да ви посакам успешна работа.

Овој Научен собир се одржува во годината кога Универзитетот „Кирил и Методиј", го одбележува својот четириесетгодишен јубилеј, а тоа е време на еден интензивен научно-технолошки развој, кога секое современо општество ги ослободува природните сили и ги покренува интелектуалните снаги кои најавуваат дека општеството ќе стане она што науката, знаењето, културата, смелоста и имагинацијата ќе одлучат тоа да биде, време кога учениците трагајќи за вистината ја менуваат истата, а вие работејќи на античките цивилизации, кои вековите не можат ниту да ги избришат ниту да ги заборават туку напротив остатоците од овие цивилизации и денес учѝт, упатуваат, насочуваат, кон патиштата за хуманизам, храброст, истрајност, настојувате да дадете придонес во успешното водење на една од оние големи битки денес кои значат и движење на историјата напред. Трагајќи по научната вистина откривате колку денешната култура ѝ должи на античката култура или со кои врски балканските Словени се врзани за античката култура, за нејзиниот простор и нејзините носители, зборувате за цивилизација која како на непресушен извор постојано ѝ се навраќаат творците кои сакаат да бидат инспирирани од една уметничка чистота, убавина, оргиналност и достоинство. Колку би била светската културна ризница посиромашна без многубројните антички средновековни и други споменици кои се наоѓаат на овој дел од Балканот и пошироко. Пред каков ли постојан предизвик сте вие кога на вашето тло се Хераклеа, Лихнида, Скупи, Баргала, Курбиново, Медијана, предизвик кој во исто време е и проклетство оти постојано ве навраќа на истраженото за да сѐ открие и она што останува како недоречено.
Не случајно го спомнувам јубилејот на Универзитетот зашто никулците на научните истражувања на класичните филолози и други научни работници од областа на антиката на овој простор се совпаѓаат со овие почетоци од постоењето на Универзитетот, а дали се успеало во тоа и ако се успеало колку, зборува списанието „Жива Антика" и интересот за неа и надвор од нашата земја. Кога се прелистуваат страниците на ова списание се гледаат достигнувања со кои може да се биде горд, зборувате за античка култура, за учесниците во градењето на античката култура кои пренеле многу антички сфаќања и многу антички обичаи со што на еден непобитен начин го покажувате нејзиното влијание во создавањето на нашата култура, со што анти-